## Влада на Република Северна Македонија

Бр. 44-2282/31
Скопје, 22 април 2020 година

**ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

**С К О П Ј Е**

**И З В А Д О К**
**од Нацрт – записникот од Четириесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 22 април 2020 година**

**„ТОЧКА 1: Записник од Триесет и првиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 21 април 2020 година**

Владата го разгледа и усвои Записникот од Триесет и првиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 21 април 2020 година и согласно предлозите изнесени во расправата ги донесе следниве заклучоци:

1. Го прифати Предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, во делот на намалување на временскиот период на забрана и посебен режим на движење на населението на територија на Република Северна Македонија и заклучи почнувајќи од 23 април 2020 година (четврток):

   - Да се забрани движење на населението на територијата на Република Северна Македонија, од понеделник до петок, во временски период од 19.00 часот до 5.00 часот наредниот ден.

   - Да се забрани движење на населението на територијата на Република Северна Македонија, во временски период од 15.00 часот во сабота, до 5.00 часот во понеделник.

   - Да се забрани движење на лицата во Република Северна Македонија со возраст над 67 години, од понеделник до петок, во временски период од 12.00 часот до 5.00 часот наредниот ден и од 11.00 часот во сабота, до 5.00 часот во понеделник.


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден“ бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

- Да се забрани движење на лицата во Република Северна Македонија со возраст до 18 години, од понеделник до петок, во временски период од 19.00 часот до 13.00 часот наредниот ден, во сабота од 5.00 часот до 12 часот и од 15.00 часот до 13.00 часот во понеделник.

- Да се забрани движење на возила од јавен превоз на територијата на Република Северна Македонија, од понеделник до петок, во временски период од 19.00 часот до 5.00 часот наредниот ден и од 15.00 часот во сабота, до 5.00 часот во понеделник.

- Да се забрани пристап на лица и возила во Парк шума „Водно", од понеделник до петок, во временски период од 19.00 часот до 5.00 часот наредниот ден и од 15.00 часот во сабота, до 5.00 часот во понеделник.

Согласно ова, Владата донесе Одлука за изменување на Одлуката забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија и Одлука за изменување на Одлуката за мерки за спречување на внесување и ширење на Коронавирусот COVID-19.

**Прилог:**

- **Записник од ГККШ**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ДОСТАВЕНО И ДО:**

- **сите државни институции**
- **Заедницата на единиците на локалната самоуправа**
- **Секторот за односи со јавност на Владата на Република Северна Македонија**
- **Стопанските комори во Република Северна Македонија**

Подготвил: м-р Ирма Мандева
Контролирал: Љубица Р. Димовска
Согласен: Дејан Јакимовски


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

Влада на Република Северна Македонија

- КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА -

Скопје, 21 април 2020 година

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup
Примено / E pranuar: 22-04-2020
44-2282/31

Архивски број: 08-780/31

**ЗАПИСНИК**

**од Триесет и првиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 21 април 2020 година**

На 21 април 2020 година (вторник), со почеток во 9.30 часот, преку видео – конференциска врска со употреба на интернет комуникација, се одржа Триесет и првиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

Со Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, раководеше раководителот на Главниот координативен кризен штаб, Оливер Спасовски, претседател на Владата на Република Северна Македонија.

Во видео – конференциската врска преку употреба на интернет комуникација, учествуваа членовите на Главниот координативен кризен штаб и тоа: м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, Мила Царовска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Бујар Османи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Арбр Адеми, министер за образование и наука, м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Аднан Џаферовски, директор на Дирекцијата за заштита и спасување.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

**Влада на Република Северна Македонија**

- КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА -

Во видео – конференциската врска преку употреба на интернет комуникација, учествуваа и Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, Славјанка Петровска, дополнителен заменик на министерот за внатрешни работи, д-р Драги Рашковски, генерален секретар на Владата, Викторио Димовски, директор на Агенцијата за национална безбедност, Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа на Република Северна Македонија, Зоран Попов, државен секретар во Министерството за надворешни работи, Лирим Шабани, државен секретар во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, Тоше Зафиров и Бљерим Кољаљи, советник на Претседателот на Република Северна Македонија, Петре Шилегов, градоначалник на Град Скопје и претседател на Заедницата на единиците на локалната самоуправа и Зекир Јакупоски, заменик на директорот на Центарот за управување со кризи.

Од овој состанок на Главниот координативен кризен штаб одржан преку видео – конференциската врска и употреба на интернет комуникација, Садула Дураки, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците и м-р Агрон Буџаку, директор на Центарот за управување со кризи.

*

* *

На состанокот на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 **се утврди следниот Дневниот ред:**

**Точка 1:** Тек и прогрес на активностите на сите надлежни институции за обезбедување целосна координација во врска со спречување, внесување и ширење на Коронавирус COVID-19

**Точка 2:** Прашања и предлози


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk

*

*  *

Пред отворање расправа по материјалите во рамки на Дневниот ред, претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски, поединечно ги потврди сите присутни и отсутни лица од оваа видео – конференциска комуникација.

Потоа, членовите на Главниот координативен кризен штаб, секој од своја надлежност информираа за реализацијата и спроведувањето на сите заклучоци, мерки и препораки усвоени на претходниот состанок, што е спроведено и на кој начин.

**<u>По однос на точката 1 од Дневниот ред,</u>** министерот за здравство, доц. д-р Венко Филипче, ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб за состојбите, текот и прогресот на активностите на сите здравствени екипи од сите надлежни институции, како и за реализација на задолженија, мерки и препораки заради координација во врска со спречувањето на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19.

Притоа, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, информираше дека состојбата на клиниките и здравствените установи низ државата е стабилна, а на Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби моментално само четири пациенти се поставени на вештачка вентилација (респиратор).

Исто така, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство го презентираше ставот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, со кој имајќи го предвид текот на епидемиолошките и здравствените состојби и постигнатите резултати со досега воведената забрана и посебен режим на движење, се предлага намалување на временскиот период за забрана и посебен режим на движење на територијата на Република Северна Македонија и тоа:

- Забраната и посебниот режим на движење на населението на територија на Република Северна Македонија, од понеделник до петок да биде од 19.00 часот до 5.00 часот наредниот ден,


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk

- Забраната и посебниот режим на движење на населението на територија на Република Северна Македонија, за време на викендите, да биде од 19.00 часот во петок, до 5.00 часот во понеделник,

- За лицата со возраст над 67 години да може да се движат во периодот од 5.00 часот до 12.00 часот на пладне, но со почитување на мерките за носење на заштитна опрема и

- За лицата со возраст до 18 години, да може да се движат во период од 13.00 часот до 19.00 часот.

Во прилог на материјалите за разгледување на овој состанок е доставен за разгледување и записникот од состанокот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, одржан на 21.4.2020 година.

Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски и доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, ги информираа членовите на Главниот кооридпативен кризен штаб дека до сега воведените забрани, мерки и препораки од страна на Владата имаат дадено позитивни резултати и Владата на Република Северна Македонија постепено ќе отпочне со план за намалување на забраните и мерките.

Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб за активностите на координативното тело за штабовите на единиците на локалната самоуправа и за активностите преземени на дневна основа во врска со билатералните и мултилатералните донаторски кореспонденции наменети за справување со Коронавирусот.

Министерот за образование и наука, д-р Арбр Адеми, ги информираше членовите на Главниот координативен кризен штаб дека е обезбедена донација од околу 3000 iPad таблети за ученици од основно образование кои се од социјално загрозени семејства, со цел продолжување на следење на online наставата.

Согласно информирањето и предлозите изнесени во расправата на состанокот од членовите и другите присутни лица по однос на оваа точка, **Главниот координативен кризен штаб, ги усвои следниве заклучоци:**

1. **Го прифати предлогот на Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, во делот на намалување на временскиот период на забрана и посебен режим на движење на населението на територија на Република Северна Македонија и согласно предлозите изнесени во расправата на состанок на наредната седница на Владата да се заземе став во однос на:**

   1.1. **Забраната и посебниот режим на движење на населението на територија на Република Северна Македонија, од понеделник до петок, да биде од 19.00 часот до 5.00 часот наредниот ден.**

   1.2. **Забраната и посебниот режим на движење на населението на територија на Република Северна Македонија, за време на викендите, да биде од 19.00 часот во петок, до 5.00 часот во понеделник.**

   1.3. **За лицата со возраст над 67 години да може да се движат во периодот од 5.00 часот до 12.00 часот на пладне, но со почитување на мерките за носење на заштитна опрема.**

   1.4. **За лицата со возраст до 18 години, да може да се движат во период од 13.00 часот до 19.00 часот.**

2. **Министерството за информатичко општество и администрација за наредната седница на Владата да достави Одлука за престанување на важење на Одлуката за утврдување распоред на работното време во Владата на Република Северна Македонија, министерствата и другите органи на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.92/20 и 95/20), со цел враќање во сила на претходното работно време во органите на државната управа.**

3. Сите лица кои ќе бидат вклучени во преземање на донации од странски држави за Република Северна Македонија, овие лица доколку се движат под посебна заштитна опрема, да бидат изземени од мерката за спроведување во задолжителен државен карантин.

4. Одобри да се даде донација за Црвениот крст на Република Северна Македонија, согласно доставените потреби за неопходна заштитна опрема.

5. За време на забраната и посебниот режим на движење на територијата на Република Северна Македонија, економските оператори кои продаваат и вршат дистрибуција на храна да работат online до 3.00 часот.

6. Го разгледа Барањето доставено од Општина Куманово, под бр. 03-2266/ од 20.4.2020 година, во делот на обезбедувањето на одредена количина на заштитни маски, Министерството за здравство преку добиените донации да достави дел од заштитната опрема за потребите на општините Куманово, Тетово и Прилеп, додека во однос на опремата со мегафони за известување, истите на располагање ги има Министерството за внатрешни работи и ќе се користат, согласно воспоставените процедури за нивно користење.

7. Го разгледа и не го прифати Барањето доставено од Центарот за управување со кризи, по однос на доставеното Барање од Вангел Весевски.

8. Го разгледа и го прифати Барањето доставено од Центарот за управување со кризи, во однос на потребата од обезбедување на заштитна опрема за потребите на персоналот во прифатните транзитните центри Винојуг и Табановце, а Министерството за внатрешни работи преку своите претставници во овие прифатни центри да направи увид и да ги дефинира потребите и од донациите кои Министерството ги има добиено да распредели еден дел за потребите на прифатните транзитни центри на границите од јужниот и северниот дел на Република Северна Македонија.


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371 www.vlada.mk

9. Го разгледа Барањето за иземање од мерката државен карантин за авионски екипаж, доставено од Визз Аир Унгарија, Подружница Мралино, под бр. 279 од 17.4.2020 година и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за транспорт и врски, со цел доставување на соодветен предлог за разгледување до Главниот координативен кризен штаб во однос на предметното Барање.

10. Главниот координативен кризен штаб се информираше со Барањето доставено од ректорот на Универзитетот „Св. Кирил и методиј“ во Скопје и истото го проследи на разгледување и понатамошно постапување до Министерството за образование и наука, со цел доставување на соодветен предлог за разгледување до Владата по предметното Барање.

11. Го разгледа и одобри Барањето доставено од Едона Мурати која со нејзиниот син Ајан Мурати (државјанин на Република Северна Македонија) во моментов се наоѓаат во Република Косово и овие лица да бидат иземени од мерката задолжителен државен карантин и да бидат упатени во самоизолација, имајќи ја предвид здравствената состојба (бременост) и по претходно добиено одобрение од Министерството за здравство врз основа на здравствената документација што ќе биде доставена до Министерството.

12. Го разгледа и не го одобри Барањето доставено од Диједона Незир Муртиши (за нејзиниот татко Незир Муртиши).

13. Го разгледа и одобри Барањето доставено од Сара Шукрија, државјанин на Република Северна Македонија која со нејзиното 20 месечно дете се наоѓа во Кралството Белгија и доколку биде организиран хуманитарен лет кон Република Северна Македонија од страна на Министерството за надворешни работи, овие лица да бидат иземени од мерката задолжителен државен карантин и да бидат упатени во самоизолација, имајќи ја предвид здравствената состојба (бременост) и по претходно добиено одобрение од Министерството за здравство врз основа на здравствената документација што ќе биде доставена до Министерството.

Влада на Република Северна Македонија

- КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА -

*

*        *

<u>**По однос на точката 2 од Дневниот ред,**</u> немаше прашања, ниту предлози.

*

*        *

Горенаведените, заклучоци, препораки и констатации беа едногласно прифатени, без забелешки од членовите на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19 и за задолженијата кои произлегуваат од истите веднаш да бидат информирани сите надлежни институции, со цел нивно итно операционализирање и реализирање.

*

*        *

Содржината на овој записник е од интерен карактер за органите на државната управа и другите државни институции и задолженијата кои произлегуваат од истиот се однесуваат исклучиво на примателот на задолжението.

На овој состанок одржан преку видео – конференциската врска и употреба на интернет комуникација е воден записник.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА**
**МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**


Канцеларија на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3123 371
www.vlada.mk